581

Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut
МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
MINISTRIA E ARSIMIT DHE SHKENCËS
Педагошка Служба - Shërbimi Pedagogjik
Скопје - Shkup

| Примено: Pranuar: | 11 MAY 2026 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. Един. Njësia Org. | Број: Numër: | Прилог: Shtojcë: | Вредност: Vlerë: |
| 26 | 581/2 | | |

До

Националната комисија за учебници при

Министерството за образование и наука на

Република Северна Македонија

**ПРЕДМЕТ: Извештај на членот известител проф. д-р Михајло Марковиќ за наставниот предмет Спорт и спортски активности за втора година гимназиско образование**

Согласно одлуката на Националната комисија за учебници, донесена на својата седница одржана на 27.4.2026 година, избран сум за член известител за наставниот предмет Спорт и спортски активности за втора година гимназиско образование. По разгледување на материјалите доставени од Педагошката служба при Министерството за образование и наука на Република Северна Македонија по електронски пат на 4.5.2026 година, а согласно член 9 и член 14 од Законот за учебници во основно и средно образование, објавен во Службен весник на РСМ, бр. 3 од 3.1.2025 година, го поднесувам следниот

**ИЗВЕШТАЈ**

**Спорт и спортски активности за втора година гимназиско образование**

Бирото за развој на образованието согласно дописот на Педагошката служба на МОН со бр. 26-200/13 од 18.2.2026 година, доставило стручно мислење за два ракописи по предметот Спорт и спортски активности за втора година гимназиско образование со шифра К и шифра Р, со архивски бр. 26-200/15 од 3.3.2026 година, потпишано од комисија во состав: Марјан Бошалевски, советник и м-р Виктор Баџуков, советник. Тие напишале детални, стручни и аргументирани мислења за ракописите и дале **позитивно мислење** за двата ракописи со шифра К и шифра Р за предметот Спорт и спортски активности за втора година гимназиско образование.

Рецензентската комисија во состав: проф. д-р Славица Новачевска, проф. д-р Милан Наумовски и Руска Андреска, дава стручно сумарно мислење бр. 26-450/4 од 22.4.2026 година за ракописите со шифра К и шифра Р за учебникот по Спорт и спортски активности за втора година гимназиско образование. По разгледувањето на ракописите и детална анализа на истите, согласно методологијата за вреднување, забелешките и стручното мислење на членовите на комисијата, дадено е **позитивно мислење на ракописот со шифра Р** во кое се вели дека содржината на ракописот во потполност ја следи и е усогласена со наставната програма и е квалитетно средство за употреба во наставата, додека за ракописот со шифра К се вели дека иако ги следи основните насоки на наставната програма, сепак неговата функционалност во наставниот процес е ограничена. Сепак, Рецензентската комисија на крајот од Рецензијата дава препораки во кои се вели авторите да извршат темелна финална проверка, со цел да обезбедат уште повисок квалитет и усогласување на јазичните недоследности.

**ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ**

Согласно наведеното, мислењата на Бирото за развој на образованието и на Рецензентската комисија, на членовите на Националната комисија за учебници како член известител за наставниот предмет **Спорт и спортски активности за втора година гимназиско образование** им предлагам да ги прифати позитивните Извештаи на Бирото за развој на образованието и на Рецензентската комисија за **ракописот со шифра Р** и да се продолжи понатамошната процедура за издавање и употреба на истиот по имплементацијата на посочените препораки посочени од страна на Рецензентската комисија.

Тетово, 7.5.2026 година

Известител,

проф. д-р Михајло Марковиќ